imageFORMULA
DR-S150

# СКЕНИРАЊЕ СО ВИСОКИ ПЕРФОРМАНСИ И ФЛЕКСИБИЛНИ ОПЦИИ ЗА МРЕЖНО ПОВРЗУВАЊЕ



Идеален за компании од сите големини - компактниот скенер за на работна маса imageFORMULA DR-S150 нуди флексибилни опции за поврзување преку USB и мрежа, како и LCD-екран на допир во боја за лесно и интуитивно ракување.

## Придобивки

- Голема продуктивност со брзина на скенирање во боја до 90 слики/мин. и голем ADF од 60 листови
- Флексибилно поврзување преку LAN, WiFi и USB со компјутер и паметни уреди
- Лесно ракување преку голем екран на допир во боја и функција за скенирање со директно проследување преку мрежа
- Издржлив дизајн за максимум 4.000 скенирања/ден
- Автоматска интелигентна обработка со OCR, препознавање баркодови и 2D-кодови
- Разновидни опции и сигурно ракување со хартија при обработка на различни документи, вклучувајќи пасоши и картички за идентификација
- Намалени трошоци за ИТ и работни трошоци со централизиран скенер и управување со кориснички профили
- Врвна безбедност со пристап со 4-цифрени PIN-кодови и други методи за проверка на идентитет при најавување на корисниците
- Софтвер CaptureOnTouch Pro со практични, а сепак моќни алатки за обработка на снимените материјали и интеграција
- Приспособена интеграција преку SDK

**DR-S150**

БРЗИНА ЗА ЦРНО-БЕЛО СКЕНИРАЊЕ И СКЕНИРАЊЕ ВО БОЈА 45 СТР./МИН. / 90 СЛИКИ/МИН.

ПРЕПОРАЧАН ДНЕВЕН ОБЕМ 4.000 СКЕНИРАЊА/ДЕН

АВТОМАТСКИ МЕХАНИЗАМ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ ЗА 60 ЛИСТОВИ

ИНТЕРФЕЈС ЗА ПОВРЗУВАЊЕ ПРЕКУ USB, LAN ИЛИ WIFI

Canon

# imageFORMULA DR-S150

Уживајте во брзо и сигурно скенирање со високи перформанси, како и едноставно ракување преку големиот екран на допир во боја. Опциите за поврзување преку LAN, WiFi или USB овозможуваат флексибилно поврзување за практична употреба во сите апликации и опкружувања за скенирање.

## ПОВРЗУВАЊЕ

Наменет за флексибилно користење во канцеларијата или на места во кои се присутни корисници, DR-S150 нуди жични и безжични опции за поврзување во мрежа, а може да го поврзете и со компјутер преку USB. Документите може да ги скенирате директно преку екранот на допир или преку вашиот компјутер или паметен уред.



## ГОЛЕМА ПРОДУКТИВНОСТ, МАЛИ ДИМЕНЗИИ

DR-S150 беспрекорно се интегрира во динамички канцеларии со повеќе корисници, но и во опкружувања во кои се присутни корисници. Неговите компактни димензии ќе ви овозможат да го ставите на места со ограничен слободен простор. Уредот поддржува скенирање во боја со голема брзина до 90 слики во минута, а може да скенира и серии од 60 листови во еден чекор. Исто така, може да извршува задачи со голем обем до 4.000 скенирања дневно, поради што е сигурен уред за голем број различни задачи.

## СИГУРНО И РАЗНОВИДНО СНАБДУВАЊЕ

Скенирајте различни видови на документи со сигурно снабдување и валјаци за разделување што овозможуваат лесно сериско скенирање на документи од различен вид. Скенирајте различни документи, од тенки до дебели, вклучувајќи и пластични картички за идентификација, картички со релјеф, па дури и пасоши. Со ултразвучното откривање на двојно повлекување документи може да бидете сигурни дека ќе се скенираат сите документи и нема да пропуштите никакви информации




## ЕФИКАСНОСТ

Поддршката за скенирање со еден допир ќе ви овозможи да ги конфигурирате задачите однапред и да ги извршувате со допир на едно копче на големиот LCD-екран на допир во боја. Корисниците ќе можат лесно да ги испраќаат нивните скенирани содржини на различни дестинации, а благодарение на функцијата за скенирање со проследување ќе можете да испраќате слики директно до дестинацијата за печатење без потреба од дополнително пренасочување преку компјутер.

## ОПТИМИЗИРАН КВАЛИТЕТ НА СЛИКА

Ако користите различни документи со режимот за активен праг, независно дали имаат блед текст или заднини со текстура, ќе можете да ги скенирате и обработите заедно без потреба од менување поставки, за да заштедите драгоцено време.

Canon




## ИНТУИТИВНО СКЕНИРАЊЕ

CaptureOnTouch Pro нуди практичен интерфејс и едноставно ракување со икони. Можете лесно да конфигурирате копчиња за брз пристап до задачите за скенирање што ги извршувате најчесто за да зачувувате и испраќате документи кон повеќе дестинации, вклучувајќи ги и услугите Cloud. Автоматски скенирајте и разделувајте серии на документи во посебни датотеки користејќи различни методи, вклучувајќи зонски OCR и препознавање бар-кодови и 2D-кодови. Создавајте датотеки со индексни податоци за полесна интеграција во постоечките работни процеси и системи за управување со документи.




## ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ

Овозможете им само на овластените корисници да пристапуваат до скенерот, со помош на 4-цифрен PIN-код за активирање на уредот. Ако го користите скенерот DR-S150 заедно со софтверот CaptureOnTouch Admin server, корисниците ќе можат да се најават со активен директориум доколку ги внесат нивните кориснички податоци преку екранот на скенерот или со помош на паметна картичка преку изборниот NFC-читач.




## НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИТ И РАБОТНИ ТРОШОЦИ

Благодарение на софтверот CaptureOnTouch Admin server, ИТ-администраторите можат централно или далечински да ги конфигурираат или да управуваат со опкружувањата со повеќе скенери, како и корисничките профили за задачи за скенирање, а на тој начин ќе заштедат време и ќе ги минимизираат грешките.

## DR MANAGEMENT TOOL

Флексибилна алатка за централно управување што нуди поддршка за вашите деловни и кориснички опкружувања. DR Scanner Management Tool нуди ефикасен метод за истовремено следење и дистрибуирање поставки за голем број скенери во една организација. Ова може да се преземе од веб-страницата на Canon.

Canon

# ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**imageFORMULA DR-S150**

| | |
|---|---|
| **ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОИЗВОДОТ** | |
| **Вид** | Скенер за на работна маса со механизам за снабдување со листови |
| **Сензор за скенирање** | CMOS CIS 1-линиски сензор |
| **Оптичка резолуција** | 600 dpi |
| **Светлосен извор** | RGB LED |
| **Страна на скенирање** | Предна / задна / двострано |
| **Интерфејс** | USB 3.2 Gen1x1/USB 2.0, IEEE802.11b/g/n, 10Base-T/100Base-TX/1000Base-T |
| **Димензии (ШxДxВ)** | Затворени фахови: 291 x 247 x 242 mm<br>Отворени фахови: 291 x 600 x 378 mm |
| **Тежина** | Прибл. 3,3 kg |
| **Предуслови за напојување** | AC 100-240 V (50/60 Hz) |
| **Потрошувачка на енергија** | Скенирање: 22,5 W или помалку<br>Режим на мирување: 3,4 W или помалку<br>Исклучено напојување: 0,1 W или помалку |
| **Работни услови** | 10 - 32,5 °C<br>Влажност: 20 - 80% RH |
| **СПЕЦИФИКАЦИИ НА СКЕНИРАЊЕ** | |
| **Црно-бело** | 45 стр./мин. / 90 слики/мин. |
| **Во боја** | 45 стр./мин. / 90 слики/мин. |
| **Излезна резолуција** | 150 x 150 dpi, 200 x 200 dpi, 240 x 240 dpi, 300 x 300 dpi, 400 x 400 dpi, 600 x 600 dpi |
| **Излезен режим** | Еднобојно (активен праг, црно-бело, дифузија на грешка, напредно подобрување на текст, напредно подобрување на текст II), 8-битни сиви тонови (256 нивоа), 24-битни бои |
| **Препорачан дневен работен циклус** | Прибл. 4000 скенирања |
| **СПЕЦИФИКАЦИИ НА ДОКУМЕНТИ** | |
| **Ширина** | 50,8 - 216 mm |
| **Должина** | 54 - 356 mm |
| **Дебелина** | 20 - 209 g/m² (0,04 - 0,25 mm) |
| **Режим за долги документи** | 3000 mm макс. |
| **Скенирање визит картички** | Големина: 50 x 85 mm или поголеми<br>Дебелина: помалку од 0,45 mm |
| **Скенирање пластични картички** | Големина: 54 x 86 mm<br>Дебелина: помалку од 1,4 mm<br>(поддршка за картички со релјеф) |
| **Скенирање пасоши** | Дебелина до 4 mm (преку подлога за носење) |
| **Одвојување листови** | Метод на валјак за задржување |
| **Капацитет на механизам за снабдување со листови** | 60 листови (80 g/m²) |
| **СПЕЦИЈАЛНИ ФУНКЦИИ** | Модул за баркодови (само Windows), модул за 2D-кодови (само Windows), автоматско откривање на големина на страница, корекција на закосување, 3-димензионална корекција на бои, изоставување бои (RGB), подобрување бои (RGB), автоматско откривање на бои, отсекување сенки, MultiStream, прилагодливи поставки за гама, прескокнување празна страница, режим на превиткување, поставување зона на скенирање, разделување на серија со бел празен лист или код за составување (само Windows), намалување на ефектот Moiré, спречување на пробивање на боите/отстранување заднина, израмнување на контрастот, израмнување заднина, отсекување сенки, автоматско поставување на резолуцијата, ослободување двојно повлекување, откривање двојно повлекување на документи (ултразвучен сензор, должина) |
| **ИСПОРАЧАН СОФТВЕР** | |
| **Оперативен систем Windows** | Драјвер ISIS /TWAIN<br>CaptureOnTouch Pro<br>CaptureOnTouch JobTool<br>Алатка за поставување безжична врска<br>CaptureOnTouch Admin Server (само со преземање)<br>CaptureOnTouch Admin Tool<br>(само со преземање)<br>DR Management Tool (само со преземање) |
| **Mac OS** | Драјвер TWAIN за Mac<br>CaptureOnTouch<br>CaptureOnTouch Job Tool<br>Алатка за поставување безжична врска<br>(само со преземање) |
| **ПОТРОШНИ МАТЕРИЈАЛИ** | Комплет со валјак за замена, подлога за носење пасоши,<br>Подлога за носење А4-формати |
| **ДОПОЛНИТЕЛНА ОПРЕМА** | Фах за NFC<br>Единица за скенирање 102 со рамно лежиште за А4-формати<br>Единица за скенирање 202 со рамно лежиште за А3-формати |

**Одрекување од одговорност**

Брзината на скенирање може да се менува во зависност од спецификациите на компјутерот, поставките на скенерот и други фактори.
Спецификациите подлежат на промена без претходно известување.
Посетете го веб-сајтот на Canon за повеќе информации.

## Дополнителна опрема



**Единица за скенирање 102 со рамно лежиште за А4-формати**



**Единица за скенирање 202 со рамно лежиште за А3-формати**

## Скенирајте нестандардни документи со изборното рамно лежиште

Додајте ја единицата за скенирање 102 со рамно лежиште и скенирајте поврзани книги, дневници и деликатни медиуми со големина до А4 или единицата за скенирање 202 за скенирање во А3-формат. Скенерите со рамно лежиште се поврзуваат преку USB и работат беспрекорно со скенерите imageFORMULA за да овозможат непречен процес на двојно скенирање во кој ќе можете да ги применувате истите функции за подобрување на слики при секое скенирање.



## Фах за NFC

Овозможува брза и лесна проверка на идентитетот на корисниците преку картичка што се открива на мала оддалеченост. Проверката на идентитетот на корисниците преку NFC се врши заедно со софтверот CaptureOnTouch Admin преку регистрирање на серискиот број на картичката што се открива на мала оддалеченост со атрибутот на корисникот во активниот директориум. Поддржани се IC-картички од типот Mifare (тип А) и FeliCa.

## Комплет за програмери на софтвер (SDK)

Алатките и комплетите за програмери на софтвер се достапни преку програмата за програмери од Canon.
За да се регистрирате во програмата:

- Ве молиме посетете ја страницата за регистрација - https://developers.canon-europe.com/developers/s/login/SelfRegister
- Доколку настане каков било проблем за време на пријавувањето, ве молиме контактирајте со администраторот на CDP преку cdp-admin@canon-europe.com

**Canon Electronics Inc.**
canon-elec.co.jp

**Canon Europe**
canon-europe.com

Canon

Macedonian edition
© Canon Europa N.V., 2024